РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-854/1
25-02-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15-та седница одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1797/1 од 13.06.2024 година, оформен по доставена пријава против --- -------- овластен инспектор за домување во општина Охрид, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1797/1 од 13.06.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Инспекциски совет на РСМ препратена е на надлежно постапување иницијатива доставена од Државен управен инспектор и во ДКСК оформен е предмет број 12-1797/1 од 13.06.2024 година.
Инспекцискиот совет ја известува ДКСК дека од страна на Државен управен инспектор – ----- --------- ---------- препратена е претставка/иницијатива поднесена од страна на лицето -------- -------- од Охрид, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба на Аце Илчески инспектор за домување во Општина Охрид а заради неправилности при постапување во стамбена зграда на ул.„Сирма Војвода" бр.108-1/12 Охрид. Во продолжение се наведува дека од страна на Државниот управен инспекторат бил извршен вонреден инспекциски надзор во Општина Охрид, Одделение за инспекциски надзор, Овластен инспектор за домување, при што од страна на Државниот управен инспектор биле преземени сооодветни инспекциски дејствија. Сепак имајќи предвид дека во иницијатива се содржани наводи за кои Инспекцискиот совет оценил дека се во надлежност на ДКСК, истата ја препратил на надлежно постапување.

Видно од пријавата поднесена до Државниот управен инсопекторат, подносителот наведува дека истата ја поднесува против инспекторот за домување --- --------- од Охрид во врска со поднесена пријава против управувачот Клин Тим 2018 ДООЕЛ Охрид бил узурпиран горниот заеднички елемент на предметниот стамбен објект при што било изградено поткровје без поседување на соодветна градежна документација.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот управен инспекторат на РСМ и побара да достави податоци и информации од извршениот инспекциски надзор со прилог документација. Дополнително, од Одделението за инспекциски надзор - Инспекторат при Општина Охрид побарано е да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе надзор над предметните наводи и да достави прилог записник/извештај со известување за евентуално дополнително преземени мерки од нивна надлежност.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и документи и од увидот на доставеното утврдена е следната фактичка состојба:

Видно од доставениот одговор и прилог документација од Државниот управен инспекторат, на ден 30.05.2024 година бил извршен вонреден инспекциски надзор во Општина Охрид за што бил сочинет Запинсик Ип 1 13-691 од 30.05.2024 година, а по доставување на пријава од ------- ------- во врска со работата на овластениот инспектор за домување при Општина ------. При надзорот од страна на Државниот управен инспектор не биле констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор постапката била запрена.

Во доставениот одговор од Општина ------ се наведува дека на предметната станбена зграда не е направено поткровје. Исто така се укажува дека по Решение на овластениот инспектор за домување Ип 1 бр.36-1201 од 10.10.2023 година управителот на зградата, фирмата Клин Тим 2018 ДООЕЛ Охрид, а заради итноста на состојбата, поставил дрвена столица од дрвени греди на кои епоставен плчастифициран ребраст лим а во висина од 40цм. Видно од доставено решение, од страна на инспекторот за домување --- ------- бил извршен вонреден инспекциски надзор и врз основа на утврдената фактичка состојба согласно член 6 став 2 од Законот за домување и член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор донел Решение со изречена мерка Опомена за управителот да изврши санација и поправка на покривот на стамбената зграда кој е заеднички градежен елемент на истата. Дополнително, во дописот од општината се известува дека од извршениот увид на лице место и врз основа на констатираната состојба од спроведениот вонреден инспекциски надзор од страна на овластениот градежен инспектор составен е записник ИП 1 бр 36-240 од 13.03.2024 година, и изготвено Решение со задолжување ИП 1 БР 36-

240 од 13.03.2024 година, фирмата Клин Тим 2018 ДООЕЛ Охрид да изготви техничка документација со Решение за реконструкција на кровот. Во дописот од Општината е наведено дека проблемот настанал кога за изработка на Решение за реконструкција на кровот во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во Општина ---- покрај другата документација треба да се приложи и согласност од станарите на зградата, а управителот не добил согласност бидејќи санацијата на на кровната проблематика треба да се плати од сите станари а не само од сопственикот на најгорниот стан,а се наведува и дека финансиска обврска на сите станари во колективна станбена зграда се кровот, фасадата, влезните скали и лифтот од зградата. Кон доставениот одговор има соодветна прилог документација од донесеното Решение на овластениот инспектор за домување, записник за извршениот вонреден инспекциски надзор, Решение за задолжување и фотодокументација.

Од сето горенаведено, произлегува дека инспекторот за домување -- -------, постапил во согласност со член 82 став 3 и 4 од Законот за инспекциски надзор по што ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите во доставената пријава, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК
Доставено до:
-подносителот на пријавата